


# Моите забелешки во интернетот

2019

# СРЕЌНА НОВА 2019 ГОДИНА!!!

gordan 08.01.2019

62487 пати кажано и пак ќе кажам: ОД НОГУ ГЛАВА БОЛЕ!!!
Еве поминаа постите, па сега да кажам некој збор (не е убаво за време на постите да тропаш/пишиш глупости).

Сега од каа ги видоме сите гозби, сите лампиони, ги издобиме СИТЕ "***copy-paste***" честитки, конечно може да се вратиме на секојдневието и да продолжиме да се вреѓаме на политички нивоа… Но прво сега и на ова место, моменталистички сакам на сите, на кои не успеав да им одговорам, на сите нивни SMS, messenger, WhatsApp пораки, на сите нив да се извинам и воедно им ја честитам Новата година со желби за МНОООООГУ здравје.



"Оој Коледе, Коледе
што ти прави жената?
Црна в`на влачеше,
путката и плачеше..
eeeejj"
и уште некоја друга, ногу дрва и желба да "нашиот оѓин" биде најголем. Тоа беше Коледица, пред појавата на фацебукот и "нормите" на Македонската првославна црква. Еве ваа година и скроз изумив кога е и како се славе Коледица. Ама за среќа фацебукот ме подсети на некои моменти, одамна поминати и полека избледени…
А таму, пред објективите на мобиљките место оѓини маси. Да маси, т.е. "софри" и весели луѓе. Убаво е и така. Па празниците се за да се соберат и дружат

човеците.
И секоја година наново, осеќам колку незнам за некои си верски адети и “закони‟.
Божиќ, како празник, незнам, не го памтам од детските денови. Коледица да. И Бадник. За нас како деца Коледица беше врв! Смееме оѓини да палиме и да ги слушаме “мрсните‟ песни. ДА. У Кавадарци за Коледица, освен наа коледарската “Кој што спие нека стане…‟ друга песничка не знаеме шо не беше порнографска. У денешно време викани “еротски‟!?!? Порнографски, чиста порнографија, беа и сѐ уште тиа песни. Само шо ете сега сум изолиран и незнам дали уште така се тера. По записите на Св. Фацебук – НЕ. Зошто таму гледам ногу “луксузи‟. Не е каа на времето, човеци, оѓин, ракија, компири и “најјаките‟ по некоја кубаска.
Ама тоа ти е еволуција. Мора да ги прифатиме некои работи, сакале ние или не. И ако штракам поголемиот дел од моето слободно време на воа компјутерите, уште неможам да ги прифатам некои работи. Еве например честитките за Божиќ, за роденден, за Нова година за … за кои наместо неколку искрени лични зборови се трошат “***copy-paste*** филозофии‟.
И тоа ќе помине, ќе помине како ногу други работи шо поминале. Факт е дека полека ама сигурно влеваме во колосекот кој го трасираат некои си компании кои заради своја корист го манипулираат човештвото со “нови‟ норми и вредности.
Но еве, почнува нова година со надеж за убавини. И ќе си ги направиме убавите моменит, шо повеќе тоа поубаво! Оти тоа е наше право, да си правиме убави работи. И да. Ќе ве замолам, повеќе искреност и помалку “филозофии‟.

# шо на ум, то на друм!

gordan 10.01.2019 (*идејата која не заживеа како шо а замислив, еднореченични мисли, секојдневно…*)



# еволуција без револуција…

gordan 13.01.2019

1989.
Дојдеме во Швајцарија.
Првата забава на која отидов беше Југословенска во Цуг.
После почнаа да се низат Македонски забави.
На тиа забави имаше ќебапи и гласна музика.




2019.
Во меѓувреме се измислија персоналните компјутери, сателитска телевизија, мобилни телефони, интернет, интелегенти телефони,  хибридни автомобили, електро автомобили,  и уште шо ли не?!?!
Ние Македоците во «дијаспората» упорно уште  јадиме ќебапи и слушаме гласна музика…

# Честитка…

gordan 07.02.2019

Поминаа. Честитките и желбите кои у јануари фрчеа ѓоа сачми од ќифте (од сегде и у сите правци) полека се истрошија. Дури и едно рало рачуни платиме веќе. И сеа ќе чекаме Прочка, па да се простиме и пак посакаме нешто убаво.

Аа, да! Св. Трипун е у меѓувреме. Иначе Св. Трипун јас го памтам по тоа шо е празник на лозарите. На времето дури си беме дома и дури тато го работеше лозјето, секој Св. Трипун одеше на лозјето, на нашето лозје. Ќе отиде да закрое а и паричката од Бадник да а закопа. А паричката па, дури беше жива Баба Зора она а чуваше, од Бадник до Св. Трипун. И таман за Св. Трипун, ОП, ќе а извади од шарветката… таа шарветка јас мислам беше волшебна, сѐ имаше у неа. Или сѐ шо било вредно се чуваше или поминуваше преку шарветката…
И така, тато ќе помине на лозјето, кога со нас кога сам, зависи од временските услови и толку. Слико нема.

Е сега, Св. Трипун е Св. Трифун, се славе наголемо, ама сѐ со цел да се "забележи" (читај овековечи) сета, па макар и само за на фацебукот. Од еден скромен, фамилијарен обред се ствара некоја илузија демек ногу јак празник за ЦЕЛИОТ регион!!! Арно, шибај те. Се дури не мора да се придонесуваат жртви, на пример, да а заколат винската убавица, шибај те, па дури и со Лепа Брена ако треба да биде ~~убаво~~ лепо грозјето.
Честито нека е.



Преди неколку години у воа време, си правеме по некоја си изложбичка на фотографии и колку толку пак ќе имаше шо да ни честитат. У последно време и тоа веќе некако не го бркаме. Малку револтиран од "општата ситуација" малку во потрага на нови концепти, времето оде, фотографиите се трупат, а "експорт" нема.
Минатата година на неколку конкурси сум беше испратил мои фотографии. И како секогаш до сега, останаа незабележани (не примени). Нормално тоа удара на моралот да на следниот конкурс повторно испратиш нешто оти гледаш дека ногу чудни критеријуми владеат. Не дека моите фотографии се којзае шо, ама у неколкугодишното (активно) работење со фотографиите барем стандардите ги научив. Ама тоа е кога човек е соочен тука да е странец, а таму не е од тука… И кога ќе видам шо фотографии се примени, а моите не (секако како што на секоја мајка, нејзиното дете е најубаво така и моите фотографии за мене се солидни) ти станува јасно наа со вујкото и владиката….

Ама тоа не го чуствувам првпат. Имало години, ногу одамна, каа се групираа човеците на чаршиари и на други. Тиа, чаршиарите, секогаш се осеќаа дека се

нешто посебно и дека они се центарот, ако не на универзумот, барем на чаршијата. Ногу убаво време беше тоа…. Да, по некој не чаршијар понекогаш успеваше да се упика у тиа кругови, ама никогаш не беа рамноправни.

Јас мислам дека сега, со влегувањето на Македонија у НАТО, ногу од тиа чаршијарите ќе осетат како е тоа, да си човек, а да не те есапат…
Влегоа у НАТО ај до година у ЕУ и после, од каа ќе влезиме секаде, каа ќе ни го начукат, има да се чешаме кај шо не нè апе.

Ај честито!

# Серење

gordan 11.04.2019

Серењето е една од најважните дејности во човечкиот живот. Било да е тоа од физиолошка/природна нужда или како израз на карактер. Тоа е дејствие кои сите од нас го прават, на еден или друг начин и тоа секојдневно, аваму лафиме дека не е културно да се лафе за смрѓавата која е предизвикана од сите врсти на срање.
Едно од најквалитетните срања, е предизборното засерување низ Македонија. Тука толку искусни серачи дејствуваат шо дури смрѓавата ја продаваат како парфем. Жално е што "конзументите" на посерената работа ја прифаќаат како дар од вештите сератели!
И прибидејќи на парчето земја (моментално) наречена Северна Македонија, избори има скоро секој квартал, серачите имаат поле за срање и ширење национална смрѓава….



Помина сезоната на ниа шо со штички се спуштаа по снежните патеки низ цел Свет. И повторно на телевизијата и на сите медиуми завладееја ниа шо а туркат топката натаму наваму.
Јас не сум голем спортист, шах да играам ќе добијам запаление на мускулите, ама чат-пат гледам како спортуваат другите, на телевизорот.
И како така гледам, сѐ повеќе му се чудам на некои човеци шо уште мислат дека фудбалот е спорт и дека "нивниот" клуб трче за нив да ги забавува. До душа тоа е друга прикаска, тоа како има човеци шо "навиват" и се "фанови" на некои си клубови со кои они немат ама баш никаква допирна точка (освен дрес ако не си купиле дури биле некаде на одмор).
Стотици пати се прашувам како може некој да зима огромни пари за да си трчка по трава без никаков допринос – барем да а испуца таа топката накај голот!?!?
А пак мистерија за себе е тоа, како некои "професионалци"  и кога ќе испуцат ни блиску до голот не потрефуват!!!
Ама верните навивачи се со ниФ!!!

И така наапан пуштат телевизорот. А таму!?!?! Програма за исклучување на мозокот. Нормален човек тоа не може да го гледа. Се некои "инстант" пеачи, играчи, познати "личности" абе ….
И да, презентирање на "вистината" на наредбодавачите.
А бе пролет, пролет, шо не дојдиш еднаш веќе, па човек да ја јавне моторката и да поистроше малку бензин, така безцелно и без филозоФирување…. и да се ослободиме од смрѓавата.

# Пепел и муабет

gordan 20.04.2019

Почеток на 21 Век.
На вирот на Црна кај Трстеник. Една ногу убава екипа собрана. Се чуре скарата, се пие ладно пиво, се освежуваш у Црна.
Така расположени некој спомна да се оде до некое манстирче/црквичка "туа погоре", бил денот, па ќе имало сигурно печено прасе или јагне, "кумот" на празникот најавил демек.
"Тууу, види од шо верник ќе јадиме…"
Тоа беше почетокот на крајот за тиа муабет. После си подолжиме да си печиме кобаски, ќебапи, мрвки ….

Каа шо викам тоа беше преди скоро 20 години. Време кога Македонската Првославна црква сѐ пронаоѓаше наново и кога се прибираа сите "верници", а нај мили беа тиа шо имаа по некој денар / евро повеќе за бакнирака.

Тогаш и разбрав дека ногу од новопечените "бизнисмени", се натпреварувале кој повеќе ќе оставе на црквата, сѐ со надеж дека ќе им бидат простени/заборавени гревовите направени при "создавањето" на нивното

богатство, ноќите поминати по борделите и касината…
Ќе бакниш рака на попот и ОП, шибај одново…



Ваа сета ми се врати од каа виа денови изгори црквата у Париз.
Нотр Дам, ја знам од цртаниот фил на Дизни – »Sвонарот на Нотр Дам« (книгата а немам читано). Децата дури беа мали филмот го гледаме … незнам колку пати.
После имаме прилика да ја посетиме и поинајска. Црква каа црква, голема, шо и личе за големо село. Влегоме и унатре, до лентата, натаму не, натаму само "вистинските" верници. А и да се качиш на црквата, кај камбаната – треба да платиш, бил верник или не. А како бонус со плаќањето добивш и право да чека саат и пол – два, дури ти дојде редот.

И така. Нотр Дам изгорѐ! Добро де само покривот ама изгоре. Изгоре за да ни покаже уште еднаш колку трул и покварен е овој Свет.

Тука у Швајцарија има еден "стручен назив" за "случајни" пожари при реновирање: "Warm Abbruch" (топлинско рушење) и се користи кога некој објект е стар и грд, а властите не даваат да се растуре заради историиски вредности. Тоа е кога човек (газдата) има друга замисла од замислите на власите. Друга причина за несакан "Warm Abbruch" е кога газдата сака да штеде НООГУ пари па ангажира нестручна работна сила (неписмен и недоучен народ од сумњиви иностранства). Како и да е, при реновирање, ако се случи пожар, крив и најодговорен е газдата.

Во случајот на горе изгорената црква во Париз, одговорен е Папата. Таа црква како дел од едно верско здружени со години збира (ма жнее пари) од верници и неверници со цел да можат тиа шо го "водат" тоа здружение убаво да си живеат и "работат", сѐ со прикаска дека нашиот голем спасител така сака….

И сега каа се случи оваа “трагедија за сите КАТОЛИЧКИ верници…‟ (зборови на претседателот на Франција), се подадија “бизнисмените‟ од Франција со баснословни суми на пари. И како на пазар, почнаа да си ги мерат (не у песокот) на кој му е поголем рачунот у банката… За неполни 72 саати се ветиа скоро Милијарда евра со бројки 1’000’000’000.- €
Да не праиме муабет дека тиа милијардери до сега и ако давале по некое евро, никој не ги разбрал. Сега кога светската “јавност‟ е свртена кон Париз – ОП еве не нас. И стварно има Светото и Европа бизнисмени, и стварно разликата со ниа у Кавадарци е огромна, (едните дават 100 000 000, другите прасе), е сега на кој поарно ќе му бидат “простени‟ гревовите само ЕДЕН знае, а пред тиа (демек) сите сме исти!



И сега, да КАТАСТРОФАТА биде уште понајголема, “владата‟ на Северна Македонија одлучила да и помогне на Француската република при реновирање на црквата у Париз.
Човек да не знае дали е сон или јаве, дали Мики Маус или Квазимодо изиграва министар у Северна Македонија.
Море шупелкари, Баба Зора – Господ да ја просте, уште на времето викаше, “прво смети си у твојот двор, а после лафи за комшиите!‟
Ако сте толку да помагате на “невладини‟ организации како шо е црквата, која ако не сте приметили собира повќе  пари од цела држава, тогаш помогните на Македонската Православна црква – Охридска Архиепископија!!!
Шо дигате нози кај шо не е за дигање, и не си го мерите со ГОЛЕМИТЕ каа ви е мало цоцето!

# Филозовска секција…

gordan 31.05.2019

Да. Роден сум во Југославија. Титова, наша, ваша, комунистичка, Социјалистичка Федеративна, ваква, наква, … Југославија. И да, израснав во Југославија. Дури бев и војник во Југословенската Народна Армија.

Учеме дома, у школото и на улицата како треба да се стане човек. И секој си го наоѓаше своето место. У школото учеме по некој предмет, а ако те биваше повеќе за нешто, ќе те уфрлеа во соодветната “секција‟.

Да, и така израснаме и се оформиме. Секој со својата секција. Не знам дали е тоа проклетство или благослов? Јас уште "од мали нози" бе по тиа техничко / сообраќајните секции, 'ОТО'! И некако не ми паѓало ни на крај памет да се мешам со ниа у литературните, хемиските, спортските … или било кои други секции. Така израснаме, така сме денеска. Можеби и за тоа шо чуствував дека возењето мотор и штракањето со фотокамерата ме праве задоволен и ме исполнува, не сум ни пробал да се скијам или трчам маратон или а пуцам топката или …

А у денешно време тоа е "ОУТ". Денеска човек треба да биде сѐ и секаде. Движен од притисокот да на социјалните мрежи се презентираш во најдобро руво, се прават работи шо не те ни личат.

Секој си го има истото право на виа Свет, да работе шо сака и за шо мисле дека го бива. Лошо е, или трагично, кога некој заради такво нешто дури и ќе погине. Еве пред неколку денови испогинаа "алпинисти" кои запнале да се качуват на Монт Еверест. Да секој има право да се качува по ридјето на виа Свет, ама прашање е колку од нив биле у планинарската секција?

У денешно време, кога во поголемиот дел на Светот владее благосостојба, секој шо работе барем малку повеќе, може да си дозволе да се уклуче у секоја секција, ако не со спретноста, тогаш со парите …



А Светот "забегува" полека, и ти си седиш и си мислиш: "добро бе, шо нафта виа човеци пиат, или ни трава пасиме???" Живеиме у Свет у кој повеќе "му се радуваме" на ниа фраерите на батерии одколку на деца кои стварно прават несекојдневни работи.

Да, Светот го "кројат" или барем го формираат јавното мислење деца од кои поголемиот дел уште ни право не мочат, ама се нарекуваат инфлуенцери, блогери, абе шо да ти расправам!!! Грехчиња.

А оние кои со долгогодишен труд успеале да освојат признание на Светско ниво, дали во класична музика, дали во некои од природните науки, тиа никој не го "играе" или ако имат среќа некој од милион интернет портали ќе копира некоја реченица…

Јас само се надевам дека еден ден, неколку дена да снема струја, и тогаш ќе исплива сѐ на површина и ќе се удават у заборав сите тие "фраери на батарии".

Во недостиг на вистинска перспектива, на народот му презентираме нашминкана убавина и се фарба Светот со розова боја…
пример: "Евровизија" некогаш институција, денеска едно големо срање за пари прање. АМА народот се пале на "резултати" кои ги постигнуваат пеачите во име на нашата нација и ДРЖАВА!!! Нејси, поминувачка нека има.
Мене не ми е јасно, како толку иначе отрканиот народ, кој информации добива од чичко Цукерберг, не осеќа дека сето тоа е контролирано и управувано од тиа чичковците кои у секој момент не контролират со нивните "АП". Кој, кога и колку ќе победе се знае унапред, за да доброто на сметките на некои од нарачувачите….
А ни па дури "кривицата" за "неуспехот" ја бараме во сопствениот народ па макар тој дел од народот дијаспора наречен да е. Во недостаток на сопствени вредности и успеси некои го уклучуваат дугмето скандал и со бедни изјави се искачуваат на врвот наречен дневни новости!!!
Интересно е шо тиа такви бедни души го креираат јавниот живот и мислење.
А бидејќи уште посиромашни се тиа шо треба сето тоа да го контролираат виа првите се чуствуваат во право!!!

Чуството на контрола секогаш ти дава и чуство на моќ. Но тоа чуство се повеќе го губиме шо повеќе им даваме значење и приоритет на "интелегентните" телефони и сл. Помагат, интелегентните направи помагат. Убаво е кога ќе стисниш дугме и знаиш дали нешто и шо фале.
Ама чуството на моќ, кога со десетка клуч и штрафцигер на било кој пракинг ќе го наштелуваш моторот да "преде" ѓоа ваквоа – тоа чуство неможат уште 100 лајкови да ти го заменат. Ама тоа неможе да го направе секој, поготово ако не бил у таа секција.

# 347

gordan 26.06.2019

21ви Век.
Швајцарија.
Голдау.
Пошта.
17:45.
После којзнае колку време влегувам во ВИСТИНСКА пошта да платам неколку рачуни, оти во "вршителите на должност" поштите по разните селски продавници не можело да се платат рачуни со пари! Само со кредитни картички!!!
Нејси.
Значи влегувам во поштата неколку минути пред да затворат. Во чекалната само еден човек кој исполнува нешто на масата лево. Десно три шалтери на кои три службенички работат нешто. Така одлучно ги вадам белешките од џебот и се упатувам право на средниот шалтер. Тетката шо работе тука ми покажува да одам лево. Гут. Одама лево кај другата службеничка, и ги подавам "здипледните"

белешки од џебот и спремените пари под стаклото на шалтерот. Она ги зима белешките и почнува да ги "пегла" за да може да ги пуште у машината.
Во тој момент нешто "пиип" и на бројчаникот над шалтерот бројката "0" станува 346. Инстиктивно се завртуваш да ја видиш ситуацијата и на средина од чекалната еден оклештен тип со насмевка до уши и со гордост во говорот изјавува дека он ја има бројката 346.
Службеничката од таа страна на шалтерот ме погледнува и ми вика:
"Вие немате бројче"
нормално одговарам: "не, јас немам бројче"
"ама нели знаете дека треба да имате бројче?!?!?"
"не, незнам"
"вие треба да си земите бројче"
поучно, накај прекорно ми кажува и ми ги враќа белешките.
Си ги земам белешките и парите од шалтерот, се враќам четири чекори назад и гледам како гордиот со бројче пристапува до шалтерот предава еден коверт и заминува. Се "средувам" од доживеаната ситуација, размислувам неколку секунди, одам уште четири чекори назад, стискам на "волшебното" копче и добивам ливче со бројот 347. Над шалтерот во кој тетката чека, светнува 347. Скроз радосен и соопштувам на тетката дека јас го имам бројот 347. И ги подавам веќе "испегланите" белешки, ги зема, ги става во машината за печатење, ги заверува, ги зима парите, ми враќа кусур и ме испраќа со зборовите: "и да знаете за во иднина, вас ви треба бројче".
Ох, грехче, си мислам јас. Нашите животни патишта нема веќе никогаш да се вкрстат, ни под број …



Зошто бе, зошто сум толку носталгичар? Зошто ми фалат времињата кога поштенските работници те знаеа по име и презиме.
Кога пријатно ќе те пречекат и уште попријатно ќе те испратат, па и со колку

проблеми да им дојдиш?
ДА, ми фалат времињата кога беа "уклучени" мозоците, а не електронските помагала…

# »секој народ ја има владата која ја заслужува.«

gordan 05.07.2019

Да пишуваш за политиката треба да си новинар (вистински).
Да пишуваш за светската политика треба да си политолог.
Да пишуваш за Македонската политика треба или да си дактилограф или врачар или несалам.
Јас се одкажав од  било какви коментари или пишувања за политиката и ситуацијата у Македонијата оти одма за половина од моите роднини и пријатели ќе преминам "у вашите".

Некои од моите пријатели шо имат прочитано повеќе книги од мене (а тоа се скоро сите), може знаат од кои се изреките:

»раздели па владеј!«

»секој народ ја има владата која ја заслужува.«



Арно. Јас да си запишам неколку мисли, за мене, за да не заборавам.

Иначе на Македонскиот народ му се случија двете изреки. И како да е тоа малку плус ни се случува "ако сакаш да уништиш една нација, уништи им го прво образованието".

У Македонијата, тоа мало парче земја шо остана на Балканот, од таканареченото осамосталување до денеска се донесени неколку милијарди закони. Мислам дека има и закон со кој се регулира колку пати една мува треба да те нервира пред да смеиш да а утепаш.

Ете најново му текнало на педерите и лезбејките и останатите недефинирани створења дека биле понижени, па одма ќе се донесе закон да бидат заштитени како бели мечки, како и шиптарите, поповите, политичарите, газдите и сите останати групи и собрании на "загрозени" човеци.
Проблемот не е шо они ќе добијат закон за "еднаквост", проблем е шо се помалку има "нормални" човеци у таа држава (а и на секаде по белиот Свет). А да си нормален на овој Свет, моментално не е нормално.

Проблемот е шо повторно ќе има поделби, на наши и ваши. Нормално не има ниа "конзервативните", "простите" шо викат "да ве ебам у тоа педерите", а секако дека ги има и ниа "светските" или демек академците или светски отворените граѓани па викат "де па, и они се душички". Користејќи го кавадаречкиот речник, јас ќе речам: "кур ме боле, кој, како, со шо и каде се однадуе, секој нека си а најде среќата".
АМА ќе ве молам, не ми лафите за озбилна држава во која со државни пари ќе финансира промена на половите, а ваму ме сокапаа човеците со молби преку СМС, фацебук и останати интернет медиуми, за помош на болни деца и човеци…

Но како и за секој закон у Македонијата, ујдурмата е три дена. Помина таа.

И СЕГА?!?!?

Како ќе го масираме народот.

ОП нов скандал.

До пред некоја недела најсаканата и највеличената пеачка, Тамара, која за маааааалку ќе победеше на »Евросонг« (не, евровизијата беше нешто друго), девојчето заборавило една строфа да испее и ОП – одма по Уставот на ……… Македонија (точките ја симболизираат придафката која е лабилна) ќе а казнувале! НОРМАЛНО закон си е закон. Ама не за "нашите". Е сега ќе се виде кој со кој и каде…

Ќе помине и тоа.

А да, девојчето заборавило една строфа од Химната на Република Македонија да а испее. Нормално СИТЕ одма приметија!!! Јас сум убеден дека до вчера 80% а денеска 50% од патриотите не знаат како се вика Химната, ама нели чичко Цукерберг ни дал "право" да плукаме по сѐ одма го користиме тоа право…

Гледано од страна, од мојата Ф-тора татковина, тоа сето е едно од редовните прања на мозоците на извезни групи на граѓани… Јас мислам дека Владата на ………. Македонија не треба да финансира промена на полот, туку да се искористат средствата и на СИТЕ да ни овозможат операција на мозокот!!! Или барем едно темелно проветрување на истиот.

Еве не издржав ни две години да не го запишам моето мислење за тоа шо го слушам за Макеонија. Цврсто се водам од желбата да не се мешам во

внатрешните збиднувања на мојата прва татковина, оти нели јас су гастербајтер, дијаспора, странец… и не би тебело да солам памет на тие патриоти шо останале да живеат и ја чуваат Македонија. Јас сум само добар кога ќе треба да се донираат пари за нешто у Македонијата – тогаш сме добри. Добри сме и кога ќе си отидиме летото и кога ќе оставиме по продавниците, ресторантите, мајсторите… по едно 10 – 20 или повеќе просечни плати (Македонски).

Пак ќе си речам, смири се Гого. Си имаш ти и друга татковина, може ќе успее барем таа да остане така убава како досега дури си жив, а после…

Ама криво ми е. Стварно ми е криво шо а расипуват таа моја прва татковина. Дури мака ми е, каа кога ми се расипа тркачкиот точак, или Томосот аутоматик. За нив мислам до ден денеска ми е криво шо ми се расипаа. После нив за ништо не ми било така криво, а имаше и по вредни работи. Ама веќе беше сум се навикнал дека работите се минливи. Да и првата татковина  (ќе) а жалам, оти ми е прва и оти до сеа не ми се расипала ни една татковина….

Криво ми е и за тиа 20 години шо се акаме туа по Швајцаријата да им ја објасниме Македонија на тиа шо треба, па и на сите кои ги сретнуваме и таман дојдоме на степен да не акцептират како Македонци и да ја прифаќаат Македонија како држава, ОП, некој шупелкар одлучил да не прекрсте…

Ојте бре у пизду матер!!!

Можеби јас стварно сум странец.
Можеби за тоа не ја разбирам логиката у Македонија.
Можеби ќе доживееме да видиме и разбериме на кој и зошто му сметала Македонија па систематски од темел ја уништува.
Можеби постое стварно некој заговор.
А можеби едноставно не сме способни да бидиме самостојни.

Или како бе, нели у основното не учеа дека Македонија ја рани пола Југославија, а сега не сме способни ни на пензионерите да им обезбедиме нормална исхрана од сопствено производство.

А да. Работоспособниот народ постана дијаспора.

Ај до следниот скандал, за некој ден.

За малку че забораве, Македонска мудрост (и реалност): “законите треба да се употребуваат по потреба!“

# Живо’т, компот

gordan 02.09.2019

Чудни се чуствата, од далеку. Уште еден месец и ќе бидат 30. Ако не ги рачунаме првите 10, значи дупло подолго су у јабана отколку у „татковината". Може да си праиме прикаски, ама чуствата се губат. Потреба, желба, да се акаш 2000 километри секоја година помалку. Уште мајката и сестрата се тие шо те влечат да одиш во родниот крај. Сеќавањата на некогаш убавите работи се повеќе и повеќе бледат. Ги забораваш другарите, пријателите па и роднините. Ги забораваш и случките и лудориите шо сме ги правеле.
Тргнувањето, било во кој правец ти претставува тежина.
Шо значи дека токму сеа не знаиш каде ти е местото.



Сè течи, сè се менува. Беше рекол некој умен човек. Па така, кај едните се 30 кг. плус и бели коси колку сакаш, а кај другите се запустени или преправени патишта, пропаднати или "нашминкани" згради…
Напредокот носи промени и новости. Стварно, може тоа е убаво, ама за деца на социјалкомунизмот малку потешко за прилагодување. Нека а таа, ќе мора да се прилагодиме и да прифатиме "нови" работи.
Се измодернизираа времињата. Еве една појава која не можам да ја сварам. Одиш у ресторант и они се прават демек европејски / свеЦки тертипи терат. Па така салатата ти ја носат не зачинета, рачунот у некоја си тетратка …
Абе човеци, ја да сум знаел да зачинам салата, ќе влечам ли кабли по воа објектите??? Зошто има занимање кувар, зошто има занимање електричар? Како ќе биде јас да му отидам на некој дома му ги истоварам кабловите осигурачите и штекерите и да му речам – поврзи си ги ти, како ти е мерак!?!?!?

Слаткарница ПАЛМА, осумдесетите години на минатиот век. Друштво 6-7 души, седат јадат слатки пијат боза или лимонада. И викат да платат. Несим застануе до нив и виа сите раслрават кој шо имал. Од каа и последниот кажа шо јадел и пиел во дел од секундата Несим им вика "95 динари!", си наплаќа на лице место и со пријателски поздрави си заминуваат. Ниту тетратки ниту "подзакриени" рачуни, платено како и конзумирано – едноставно, со мерак.
(на прашањето после: "добро бе другар, како толку брзо израчуна?" одговорот на Несим беше: "како да не, израчуна, ја кажав бројка, некој ќе биде у була".)
Да, тоа беа времиња кога човечкиот разум и душа владееја низ социјалниот ни живот и дружењето…
Во денешно време, келнерот нема од ниа пртофелтте ѓоа армоника, туку ќе ти донесе "фискална" ставена у некоја тетратка / папка, па ако имаш среќа да ги носиш "исправните" наочари ќе видиш колку си дужен. Па тогаш е на тебе ред да у таа иста тетратка ставиш пари и чекаш да келнерот пак помине да ја земе, па после он оде некаде на скришно место, брое пари, па со кусурот еве го па….
Ногу, ногу ми е сета ситуација у Македонијата некако како Холивуд. Абе да може некој тркалото наново ќе го измисле.
… и така еве пак у ф'тората татковина со освежени мисли од првата. Пред некој месец некако не бев мотивиран да одам или нешто правам у Северна Македонија и некако изгубив желба да ја планирам мојата иднина во Македонија било со каква придавка или додавка.
Ама пусто соочување, одиш таму и осеќаш дека си на свое. ДА, стварно ти е жал кога гледаш како тоа таму исто така како тебе, ако не и со поголема брзина старее и ветвее, И ПАК си правиш нови прикаски и филмови…
Има уште стотици мисли у ваа моја глава разбуричкани од последните денови поминати низ тоа парче земја сега наречено Северна Македонија ама тиа ќе бидат запишани некаде на друго место или оставени да избледеат…

# треЌи ден

gordan 03.09.2019

Еве треЌи ден кај седам пред воа компјутерот и никако да курдисам.
Бе у Кавадарци, у Македонијата (моментално "северна") и право да си кажиме не изнаправив фотографии како шо мисле. Едно 6 – 700 само. Не е ногу, дури скоро ич. Ама за да фотографирам, јас, треба да ми се фотографира. Не сум од ниа шо сликат на норма – свадби и слично. А беме и на свадба. И таму човеците шо седеме на иста маса, со кои убаво се познаваме, сите поединечно ме испрашаа "а каде ти е камерата?". Да, бе на свадба и оставив да платените фотографи си ја бркат работата. Камерите, две, беа во колата…
Нејси. И така секој понатамошен ден, некако фалеше мотивација да се фотографира. А и шо?



И сега гледам покрај сета немотивација и воздржаност од тиа 600 и кусур фотографии ООООП, има прекрасни. Добро де, прекрасни по мој терк. Не, нема од ниа "драматичните", HDR-исани до не оде повеќе и од ниа со сценографија каа за матурска…
Јас каа почнав моите фотографии, преди 12 години, да ги изложувам по Цирихот важно ми беше да фотографијата настане у мојата глава уште пред да ја земам фотокамерата у рака. Тоа беа времиња каа уште трошев филмови. Штракниш, нарачаш фотографија и дури после некој ден ќе ја видиш шо испаднало…
И така таа навика ме "маче" до ден денешен. И ако веќе пред повеќе од 15 години почнав да фотографирам со дигитална техника (у тоа време компактна фотокамера со 4 мегапиксел!!! и цена со која денеска може да набавиш професионална опрема) и повеќе од 10 години со дигитална "SLR" камера, мене ми остана она, фотографијата настанува пред шкрапањето.
Признавам, имам и фотошоп. И признавам, го користам. Ама има само две – три "дугмиња" шо ги користам. Ноа да ја "пресечам" фотографијата, другото е ноа за да ја осветлам или позатемнам фотографијата и моето најсакано дугме (кое и најмалку го користам) да ја поправам одлуката на камерата да слика во модус на блиц сред бел ден (одредување на белата боја).

Јас сум си убеден дека фотографијата шо јас ја правам у прв ред е документарна. За да се развие во некој друг правец, па дури и во правец на уметничка фотографија треба она самата да си ја изработе улогата. А тука е прашање кој колку ја "гледа" фотографијата? Дали стварно ќе се заинтересира за фотографијата или ќе го хипнотизираат боичките.
Нормално, у денешново време на најлонски ќесиња, масата нема време да размислува, конзумира набрзина и заборава уште побрзо. Па џиџаните работи се тие кои брзо и не квалитетно се забележуваат…

Не, јас нема да ги унакажувам моите фотографии. Не јас нема да го чепкам дугмето HDR. И да, јас ќе ги презентирам моите фотографии во целата нивна невиност и чистина. HDR-исувањето и собирањето на лАЈкови ќе им го оставам на другите…

# светови…

gordan 04.09.2019

сабота, аеродром Алексадар Македонски, Скопје

"Таа е наа познатта пеачка …, Силвана Бонева"
„не мајсторе, тоа е Елена Велевска„
"да де, од Велес…"

И така Елена, или Силвана, го "претица" цел ред кој чекаме за летот за Базел. Торбичката и ја носеше еден "Ѓока", така 2 метра и кусур со 130 – 40 кила и со маичка "М" на која пишуваше секјурити…




недела, Швиц, Швајцарија

"Општинска фешта", неколку бини, ногу музика, уште повеќе штандови за пиење и јадење. Народ како шо личи за општонароден собир – НОООГУ.

У сета гужва шетат две млади жени, повеќето од присутните ги поздравуваат, а они им отпоздравуваат, тука и таму ќе застанат и со некои ќе направат краток муабет…
И после а познаваш едната од тие две жени, Петра Гоеси. Претседател на ФДП, една од 4 најголеми политички партии во Швајцарија. Жена која ја “крое“ политиката на Швајцарија.
Секјурити??? Шо е тоа? Обезбедување? Кој од кого да обезбедува? “Чистење на патот“???
Зошто бе виа Швајцарците се толку “глупи“???

Моме! Дај уште едно пиво!

# Празник

gordan 07.09.2019

Септември, 7ми, сабота.
Честит да ти е денот на ослободувањето МОЕ Кавадарци.
До душа, вакви честитки не личат да ги испраќаш по “каблови и срчки“, ама така е кога едниот од нас е во “туѓината пуста да остане“.
На сета одозгора како ногу пати до сега и ваа година се потрефува со “стопанско туристичката манифестација „Тиквешки гроздобер“ 2019“.
Едноставно вистински празник на градот.



Неколку пати во последниве години, после "возобнувањето" на Гроздоберот сум беше бил у Кавадарци додека било и едното и другото. Да и ваа година имав можност да бидам. Не требеше ногу, само едно "шефе, јас ќе останам уште една недела на одмор!"
Ама не. Немам ниту сила, ниту желба да а гледам таа беда.

Јас сакам Гроздобер на кој ќе се слави грозјето и виното.
Јас сакам Гроздобер на кој лозарите ќе бидат среќни, а не во статус "борба за цена".
Јас сакам Гроздобер на кој ќе пеат Марјан, Катерина, Наташа, … и детските хорови од СИТЕ училишта.
Јас сакам Гроздобер на кој СИТЕ кавадарчани ќе сакат да го покажат своето најдобро, а не да се радуват на певаљки од пизде материне…
Јас сакам, … да ногу сакам. Ама тоа не е утопија, тоа е едно "клик" на тиа шо ги имат парите у џебот и го организираат "стопанско туристичката манифестација „Тиквешки гроздобер". За тоа, тие треба да излезат од тоа малограѓанстинството и се надминат самите себе, а не да се стремат нашта да биде поголема една педа од на комшијата!!!И така, МОЕ сакано Кавадарци, еден од нас сѐ си е во "туѓината пуста да остане".

# Гроздобер-финал

gordan 09.09.2019

Не дека сум некој кур-фактор, ама и ја имам душа, а имам и некоја заебана навика да мислам со мојот мозок.
Па така денеска на третиот празник по ред, после 7ми септември, ослободувањето на Кавадарци, 8ми септември, денот на независноста на Македонија, еве 9ти септември, денот кој го славам како почеток, се освртувам на поминативе денови и Гроздоберот Тиквешки …

Каа прво, Господ здравје да му даде, а од мене има едно пиво и десетка со кромид, на тиа шо му текна некои настани на Тиквешкиот гроздобер да ги пренесува директално по интернетот. АЛАЛ ДА МУ Е!



Ама оти не беше СЕ пренесувано и оти ја не бе у Кавадарцито, сакам да прашам неколку работи:

- кој лозар доби признание за најголем грозд?
- кој лозар доби награда за најблаго грозје?
- кој винар доби пофалница за најдобро вино?
- кој винар доби плакета најубава ракија?
- кој доби медаља за најубаво средено лозје???

А и уште нешто, ЗОШТО на “Карневалското дефиле“ немаше ниту едно зрно грозје, ниту капка ракија/вино??? ЗОШТО на “Карневалското дефиле“ немаше ниту една поставка шо асоцира на Гроздобер???

Мојот ценет и сакан пријател Диме Коцевски беше напишал у својот фацебук статус: "… Искрен да бидам не знам ни една песна од неа, ама бев со убава екипа на еден од штандовите, и со добро вино и ногу позитивна енергија од околу си поминав одлично…"
Да мили мои. Тоа е суштината.
Не е важно кој пее, се дере или се чепате на тоа бината, важно е да имаш ЧОВЕЦИ покрај себе кои сакат и можат да зрачат позитивно, поттикнати од било шо….

# Баби и жаби

gordan 06.11.2019

Проклета е споредбата. Со годините научив да не споредувам ситуации, состојби, табиети, навики, … поготово не, помеѓу Швајцарија и Македонија.

Среда, последна у октомври. Куферчето спакувано, картата у џепот и фаќај авиончето за Македонијата. Планот, дома да се видиме со најблиските, една обврска, две, да извршиме и некој ден да се отргниме од секојдневието.
Така и почна, уште првата ден обрските завршени, па дури и време за посета на една интересна театарска претстава се најде.

Така и пред скоро две години, едно кратко одморче, на едно прекрасно место. После тоа, со игра на околностите некако заборавено. Многу многу убави моменти поминати, некои и со фотокамера забележани, АМА, времето после тоа кое беше окупирано со темни и проклети мисли не дозволи да му се радуваме на убавите работи, дури и страв имам да ги разлистам тие фотографии, некако СЕТО тоа го туркам у заборав….



И да. Се отргнав од секојдневието. Четврток вечер со едена немила несреќа и ајде од петок сабајле по доктори и болници. И имав можност од "прва рака" да се запознаам со славниот и ценетиот Македонски здраствен систем. Имав чест уште првиот ден да сретнам човек кој се нарекува и изигрува доктор, а во основа и длабоко у душата (ако а имаше) е фрустиран прост дркаџија. Ама системот е таков. Испорачан си на тие створења…

Сабота. Ден за една ногуубава работа и за проба да колку толку се вратиме малку накај нормалниот колосек…
Почетокот на една прекрасна работа поштено и весело ја одбележаме и СИТЕ на неколку саати заборавиме на "секојдневието".

Недела. Ден кога некои од нас имаа "последици" од веселата предходна вечер. Некој во вид на главоболка и иждригешки, друг со болки во ногата…

Еве и после неколку денови (четири) уште се нема волја и мотивација да се седне пред воа мониторот и се средат фотографиите од прекрасната саботна вечер…

Да, неделата. Едниот се "управи" со супа (или две) а другиот со ногата беше приморан да оди пак у болницата. Да, у таа болница во која во петокот не "пречекаа" каа да сме отишле у болницата оти сакаме да му го "расипиме" мирниот ден на персоналот кој во болницата работе за да земе плата, а не дека се они таму со звање и професија за да им помогнат на ЧОВЕЦИ кои имаат мака. Да, у недела вечер, кога дежурат. Ама болката на едниот и стравот на другите беа поголеми па ајде пак топтан у "Ургентниот центар"

Значи каа шо реку. Избегнувам да споредувам било шо со било кој. Оти и една стара мудрост вика "не мешај баби и жаби!". И стварно, при скоро секој покушај да направам некоја споредба, доаѓа до конфликти или барем до бурни дискусии.

Недела, накај 7 саатот навечер. Застануваме со колата пред влезот и уште не слегнат "пациентот" од колата, дечкото од обезбедувањето дотрча со количка! Истиот тој кој е задолжен да се грижи за безбедноста на персоналот и објектот ја истурка количката до просториите на ургентниот центар.
првиот контакт со медицинската сестра која работи таму беше како "мелем на рана". Со пријатен и смирувачки тон во говорот, ни објасни дека веднаш ќе се погрижат за пациентот штом ќе завршат со тој кој веќе е во ординацијата… Дојди и докторката која е дежурна и од кога ја оцени ситуацијата ни објасна дека не е ништо опасно и дека одма ќе видат што може они да сторат или ако има проблем ќе го повикаат и дежурниот хирург. Работата се сврши со персоналот на Ургентниот центар на начин како што им доликува на ЧОВЕЦИ кои за професија одбрале занает со кој им помагаат на луѓето.

И стварно ноа со споредбите не е благодарно.
Како човек сеа да спореде и што?
Иста установа, исто место, некој ден покасно. Од екстремно во екстремно.
Стварно, доживувањата при втората посета на болницата ептен позитивно ме изненадија.
Споредбата тука би ја сведил на тоа дека има ЧОВЕЦИ и човеци.

А да фотографиите ќе ги средам, во најскоро време. Чесен пионерски збор!

# Си седам и си мислам

gordan 16.11.2019

Си седам и си мислам…
Мене ми е јасно дека јас со моите мисли и моето недеиствие неможам нешто да променам.
Само си мислам како може да има човеци кои со своите мисли и убедувања ја уништуваат историјата на една древна цивилизација.
И ќе а измислиш.
Ќе ти текне дека "децата" кои израснале у најновата Македонија не вишле ништо убаво у таа држава.
У држава у која пластиката (и сето ѓубре) се фрла насекаде, а упорно се "рециклираат" песни од времето на Тито.

Шо му значи името МАКЕДОНИЈА на тие изгубени генерации ???



# Трајножареќа

gordan 16.12.2019

Сабота, на редовните средби со “Комитетот“, Ване ми даде фотокамера од мајсторот да сум ја пробал дали работе. Оти беше Canon EOS 40D, модел кој го имав како прва “озбилна“ дигитална камера и уште ја имам во колекцијата се нафанав да ја пробам. Камерата како камера немаше на неа ниту објектив, ниту батерија ни мемориска картичка во неа. Не е проблем, у некоја од кутиите има такви работи, а за објектив, на неа пасуваат сите објективи шо ги имам…
И ОП!!! Барајќи батерија за EOS 40D најдов и ‹нова› батерија за EOS 5.
Да EOS 5, без “D“. Тоа е една солидна класична (аналогна) камера која “троше“ филмови. Поразбуричкаме и по фрижидерот И ОП, и филмовите ги најдоме.
И ме зачеша прстот. Батеријата и филмот ги ставив у камерата, го прелистав упатството за тиа дугмињата шо сум ги заборавил за шо се, “наостриме“ аутофокус функцијата на окото! (камерата има “Eye Controlled AF“ !!!)…
И сега ќе фотографираме пак на филм!
Недела, камерите спакувани (Canon EOS 5 без “D“ и друга со “D“). Прошетката у Цирих идеално за да се истроше филмот. И почнаме… ама, за еден саат 4 фотографии со EOS 5 без “D“ и едно 60 – 70 со наа шо има “D“. И така дури се замрачи исликав ДУРИ 7! со зборови “седум“ фотографии. После не ми се тошеше филмот кој е само ISO 50 и кој на таа камера неможе да го смениш, а стативот си беше дома на топло!

Пријатно сам од себе сум се изненадил како ноа автоматски се прфлуваш у аналоген модус кога држиш таква камера у раците. Не ми се веруваше дека е можно.
И така сега останаа уште 20 и кусур "пози" да се доштракат во наредниве денови…




# ОЧИ. од Гордан Ристовски

gordan 25.12.2019



ДеЦембар…
Завршува уште една година. Тука фанаа и ноа празниците, проследени со вечери, ручоци, слави и најважното – поклончињата!

Стис од виа некој франак, стис од ниа некој франак и ОП ќе те ударе Тестостеронот у главата!
Почнуат ниа "филмовите", нова камера или подобар објектив или обнова на дел од опремата или ??? …

И така ќе си направиш "попис на инвертарот" и ќе видиш дека со годините си си направил некој арсенал кој е стварно интересен и ќе ти стане јасно дека си го "искристализирал" до совршенство по потребите и желбите….
Така средувајќи ги тоа објективите пак ми дојди у рака "50 f/1,4"     … и ме замисли!
А обично јас каа се замислувам, испаѓа некоја идеја….

Изгледа нема ништо да се купува ваа пата.




2020 е најновата година која е на ред да ја претераме.
А бројката 2 е скоро како 5, т.е. "дигиталната" 2 гледана у огледало е 5 …

А 50-ката, интерес објектив. На времето кога беше сум го купил, беше "обавезателен", нели уште на филмови штракаме, и 50-ката важеше за "стандарт" објектив. Тоа не учеа уште на времето. Стандарт, оти така човечкото око гледало !?!?

И пак се заинтересирав за ваа теорија… А оти двајцата човеци, Младен од техниката и Боро Жгуљо кои на времето доста разбираа од фотографијата и не го чуваа само за себе туку кога ќе ги прашаше за нешто ти објаснуваа, не се тука, му се обратив на чичко Гугл.

И пак таа!!! 50-ката е стандарт на "фулфрејм" камерите…

И така почнав да буричкам по интернетот за објективите, за камерите, за окото…
Гледајќи и читајќи разлини податоци за окото човек ќе заклуче дека окото и не е толку моќно, има подобри објективи и камери. Ама човечкото око и ако не е најјак оптички уред, во комбинација со човечкиот мозок, кој не е најмоќен

компјутер, заедно се претвараат во недостижна  направија за визуалена конзумација на околината!!! (ама паметно го кажав воа!!!)

Интересни податоци за човечкото око, гледано по дигитален терк:

- Човечкото око има видно поле од некои 170° – 210°,  ама само 35° – 45° гледаат чисто – ‟фокусирано‟
- Има само околу 8 -12 Мегапиксли
- Бленда некаде околу 3,5

Перфоманси кои секој производувач на објективи и камери ги надминува без напори.
АМА, динамичкиот опсег од 20 и кусур бленди, во комбинација со човечкиот мозок кои тие ‟25 фотографии во секунда‟ ги ‟обработува‟ подобро од било кој компјутер го прави окото (очите) во недостижна оптичка машина која и ако би била вештачки (технички) достигната за нас обичните смртници ќе е недопирлива (па колку и да има од ниа шо стискат по некој франак ☺ )

И така сега останува да го дочекаме 01.01.2020 и да почнам со мојот ‟Проект 20 / 50‟ *

* – повеќе информации за ‟Проект 20 / 50‟ наскоро, од година!